# CHARACTERISTICS OF CRIMINAL ACTS AGAINST THE LEGAL TRAFFICKING WITH CRIMINAL LEGAL ANALYSIS OF CRIMINAL WORK FALSIFICATION OF THE CORRECTION OF ART. 378 OF THE CRIMINAL CODE OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Tose Panov**
MIT University – Skopje, Republic of N. Macedonia, kaparoso@gmail.com

**Abstract:** In the Criminal Code of RM special place and importance takes the criminal acts for forging documents. These crimes are systematized in a separate group under the title "Crimes against legal traffic", depending on the object of their criminal defense. Depending on the type of document, whether it is private, public or official, the distinctive forms and types of occurrence of these crimes are often distinguished, which often constitute a means or manner of execution of others, primarily commercial or official / corruptive / criminal offenses, or for their concealment and obstruction of proof. It is precisely this paper that aims to provide, according to the legislation and the legal theory, a criminal legal analysis of the notion, elements, characteristics and forms of appearance of criminal offenses against legal traffic in Macedonia with criminal law analysis of the basic crime.
**Keywords:** forgery, legal traffic, document, certificate.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ ПРАВНИОТ СООБРАЌАЈ СО КРИВИЧНО ПРАВНА АНАЛИЗА НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ФАЛСИФИКУВАЊЕ ИСПРАВА ОД ЧЛ.378 од КЗ на РМ.

**Тоше Панов**
МИТ Универзитет – Скопје, kaparoso@gmail.com

**Апстракт:** Во Кривичниот законик на РМ посебно место и значење завземаат кривичните дела фалсификување на исправи. Овие кривични дела се систематизирани во посебна група под назив ,, Кривични дела против правниот сообраќај,, во зависност од објектот на нивната кривичноправна заштита. Во зависност од видот на исправата дали таа е приватна, јавна или службена, се разликуваат посебните облици и видови на појавување на овие кривични дела кои често претставуваат средство или начин за извршување на други, во прв ред стопански или службени/коруптивни/ кривични дела или за нивно прикривање и отежување на докажувањето. Токму овој труд има за цел, според законодавството и правната теорија да даде една кривично правна анализа на поимот, елементите, карактеристиките и облиците на појавување на кривичните дела против правниот сообраќај во Македонија со кривичноправна анализа на основното кривично дело.
**Клучни зборови**: фалсификување, правен сообраќај, исправа, уверение.

## ВОВЕД

Кривичните дела против правниот сообраќај во Кривичниот Законик на РМ се наведени во триесет и втората глава и ги опфаќа следните кривични дела:

-Фалсификување исправа - чл.378
-Посебни случаи на фалсификување на исправи - чл.379
-Компјутерски фалсификат- чл.379-а
-Употреба на исправа со невистината содржина –чл.380
-Издавање и употреба на невистинито лекарско или ветеринарно уверение-чл.381
-Надриписарство-чл.381-а

Кривичните дела против правниот сообраќај се сведуваат на разни случаи на фалсификување на исправи.Според поблискиот објект на напад Фалсификувањето може да се јави во два облика и тоа:

-Материјален фалсификат /чл.378 и чл.379/ и
-Интелектуален фалсификат / чл.380 и чл.381/. Други кривични дела на интелектуален фалсификат во нашиот Кривичен законик се Кривичното дело ,,Фалсификување или уништување деловни книги,, од чл.280 од КЗ и Кривичното дело ,, Фалсификување службена исправа,, од чл.361.

Кај материјалниот фалсификат отсуствува автентичноста на исправата.

Под материјален фалсификат подразбираме правење лажна исправа, т.е. таква исправа чија содржина не претставува изјава на оној кој во неа е назначен како издавач, или преиначување вистинска исправа со менување на нејзината содржина така што таа исправа веќе не содржи изјава на волја на лицето што е означено како издавач/а потоа и употреба на таа исправа/ . Лицето кое е означено како издавач на таквата исправа, значи, не го изјавило она што во таа исправа стои. За постоење на материјално фалсификување не е од значење дали изјавата, која е дадена во исправата, е лажна или вистинита. /Lat.falsus-лажен, што значи кривосоздаден, преиначување, искривување.

Битно е дека издавачот не е правиот издавач, т.е. дека лицето кое е означено како издавач таа или таква исправа нема издадено.

Според тоа, материјално фалсификување ќе постои и тогаш кога во исправата е означено дека таа исправа ја издало лицето кое тоа не го сторило, така и тогаш кога е означено дека таа исправа ја издало лице кое воопшто не постои.

Интелектуално фалсификување е издавање на исправа со невистинита содржина која ја сочинува лицето кое на исправата е означено како нејзин издавач. Овде издавател на исправата е навистина она лице кое е означено на таквата исправа како нејзин издавач, но содржината на исправата е лажна. Значи, овде издавачот на исправата е вистинит, но нејзината содржина е лажна, таа не одговара на нејзината стварност.Тоа е извртување на мислите и изјавата. Инаку,ова фалсификување уште се нарекува и алтернативно, содржајно,посредноили неправо фалсификувањеПравењето вистинска/автентична/исправа со невистинита содржина е инкриминирано само во некои посебни случаи и тоа кај кривичното дело „фалсификување службена исправа од чл.361 и „Издавање и употреба невистинито лекарско или ветеринарно уверение„ од чл.380.

Објект на заштита на овие кривични дела е правниот сообраќај, неговото законско, нормално, несметано и преку доверба одвивање, помеѓу физичките и правните лица при воспоставување , промени или завршување на правните односи. Како објект на заштита, правниот сообраќај подразбира циркулација на исправите во правните односи помеѓу граѓаните и другите субјекти. Циркулацијата на исправите има извонредно големо значење во животот на човекот, во економските и во другите односи. Основната функција на исправите е користењето како доказ за правно-релевантни факти : така со исправите се потврдува постоењето на определена статусна состојба, од која зависо користењето на определени права, постоењето на определено право , правен однос итн. Исправите можат да играат важна улога само под претпоставка на нивната веродостојност , т.е. ако постои цврсто верување дека една исправа е сигурен носител на факт, доказ за неговото постоење.

Дејствието на извршување на овие кривични дела се превзема на исправата како средство за одвивање на правниот сообраќај. Значи, исправата е објект на напад на овие кривични дела.

Последицата на овие кривични дела се јавува во вид на опасност, загрозување на законското, сигурното, несметаното и преку доверба одвивање на правниот сообраќај помеѓу физичките и правните лица.

Извршител на овие дела може да биде секое лице, но кај некои дела од оваа група законодавецот бара посебно лично својство на страната на извршителот- својство на службено или одговорно лице/фалсификување службена исправа/.

Во поглед на вината овие кривични дела се вршат само со умисла.

## ПОИМ ЗА ИСПРАВА

Нашиот КЗ содржи легална дефиниција на поимот исправа. Исправа е секој предмет што е подобен или определен да служи како доказ за некој факт што има вредност за правните односи./чл.122 ст.11/.

Разликуваме два поима на исправа. Тоа се:

1.Исправа во поширока смисла и

2.Исправа во потесна смисла.

Во членот 122 ст.11 од КЗ е даден поширокиот поим на исправа , како предмет што е носител на некаков факт од значење за правните односи , односно може да послужи како извор на сознание за постоење правно-релевантни факти. Тоа се сите појави во стварноста ,нешто што постои , што е сторено, на кои правото надоврзува определени последици во вид на настанување, промена или престан на правни односи, како и правата што произлегуваат од тие односи.

Такви предмети се на пример: писмена исправа, техничка снимка на факти/филмска лента/, предмет на кој е врежан некој запис или знак, број на шасијата на моторот. регистарска таблица и сл.

Исправа во потесна смисла е изјава на волја или мисла на некое лице, фиксирана во форма на писмен запис , што содржи некаков факт од значење за правните односи и на која е означено кој е издавачот.Значи, изјавата

на волја или мислата на некое лице треба да е дадена во писмена волја за правно релевантен факт. Текстот на оваа исправа мора да биде составен во писмена форма, на хартија и мора да биде потпишан од страна на издавачот на исправата. Таквата изјава на волја треба да се однесува на правно релевантни факти. За овој поим основна е изјавата на волја што потекнува од определено лице, по што исправата се разликува од другите доказни средства , односно другите предмети што се носители на некои правно релевантни факти /траги од оружје, отисоци од прсти и сл.

**Предмет** на кривичните дела фалсификување исправа, според сваќањата на судската пракса може да биде јавна или приватна исправа.

Пробната регистарска табличка за моторни возила изработена од картон претставува јавна исправа затоа што нејзиниот облик, изглед и димензии се пропишани со закон.

Незаверена фотокопија на писмена исправа нема карактер на исправа и не може да биде предмет на фалсификување.Бројот на шасијата на моторот е исправа, но не јавна исправа, па кога сторителот го отстрани тој број од шасијата на едно возило и на негово место стави број на шасија од друго возило прави фалсификување на исправа.

**Постојат повеќе различни видови на исправи:**
**-јавна, службена и приватна исправа**
**-оригинална исправа, копија и препис**
**-намерна и случајна исправа и**
**-конститутивна и доказна исправа.**

Според чл.122 ст.11 од КЗ, јавна исправа е исправа издадена од надлежен орган, органицација или лице кое врши работи од јавен интерес врз основа на закон или друг пропис заснован врз закон.

За поимот јавна исправа се битни следните елементи:
-издавачот на исправата мора да има одредено својство -својство на државен орган или организација која врши јавно овластување
-исправата се издава во границите на надлежноста на органот во вршење на службената должност во пропишана постапка
-исправата мора да биде во пропишана форма-облик и
-исправата содржи правно релевантни податоци/од матичните книги на родените, венчаните и умрените, од земјишните книги.

**Службена исправа** е исправа која ја издава службеното лице во вршење на службената должност, а која содржи факти кои се од значење за службените односи.

Приватна исправа е изјава на волја или мисла на физичко или правно лице која не е издадена во пропишана форма.Во нејзиното издавање не учествуваат државни органи или организации во вршењето на јавни овластувања.

Оригинална исправа е исправа која е издадена, која потекнува од лицето кое во неа е означено како издавач. Таквата исправа изворно, оригинално потекнува од лице кое на неа е означено како издавач.

Дупликат на исправата постои кога исправата иустовремено е издадена во повеќе примероци од страна на издавачот/ па секој од тие примероци се смета за оригинал/ или кога издавачот повторно ќе издаде ист примерок на порано веќе издадената исправа. Дупликатот на исправата потекнува од издавачот и содржи негова изјава на волја и мисла, па се смета за оригинал.

Преписот на исправа е само препишан текст на оригиналната исправа која на различни начини, кај нотар, може да биде заверен во поглед на содржинската вредност на оригиналот. Препис на исправата е само репродуцирање на содржината на изјавата на волја или мисла на нејзиниот издавач, но не значи и самата таа изјава.

Затоа, преписот нема доказна снага на исправа, затоа што тој тоа својство на исправа го стекнува дури со заверувањето пред надлежен орган. Преписот е слична фотокопија на исправата која претставува верна репродукција на содржината на оригиналната исправа со помош на современи технички средства.Имајќи во предвид дека не потекнува од издавачот непосредно, копијата не е исправа во кривичноправна смисла се додека не биде заверена во поглед на содржинската вистинитост пред надлежен орган.

Намерните исправи се исправи кои се издадени, односно кои се создадени затоа за да можат со својата содржина да послужат како доказ за правно релевантните факти во правниот сообраќај.

Случајните исправи се составени за друга цел, а не со цел да бидат доказ на некој правно релевантен факт , но можат да се искористат за таква цел.

Конститутивните исправи кои уште се нарекуваат и диспозитивни се оние врз основа на кои непоосредно се засноваат, менуваат или укинуваат правните односи.

Спротивно на нив, се доказните/документарни/ исправи со кои не се заснова некој правен однос или предизвикува правна последица, туку тоа е исправа составена да даде доказ за правниот однос кој настанал независно од самата исправа.

Последицата на овие кривиочни дела се јавува во вид на опасност, загрозување на законското, сигурното, несметаното и со доверба одвивање на правниот сообраќа помеѓу физичките и правните лица.

Извршител на овие дела може да биде секое лице, но кај некои од тие дела од оваа група законодавецот бара посебно лично својство на страната на извршителот-својство на службено или одговорно лице/ фалсификување на службена исправа од чл.361 од КЗ.

Во поглед на вината овие кривични дела се вршат само со умисла.

**Фалсификување исправа**

Поим и елементи на делото

Основно дело против правниот сообраќај е предвидено во членот 378 од КЗ. Тоа е ,,Фалсификување исправа,,. Кривичното дело се состои во правење лажна исправа или преправање на вистинска исправа со намера таквата исправа да се употреби како вистинска или да ја употреби лажната или преправената исправа како вистинска.

Ова дело е основно кривично дело против правниот сообраќај.

Објект на заштита е правниот сообраќај/ сообраќај на исправи со кои се докажува постоење или непостоење на правните односи помеѓу физичките и правните лица/, а објект на напад е исправата. Исправата е средство за законско, нормално, несметано и со доверба одвивање на правниот сообраќај, па затоа мора да биде вистинска, односно мора да ги содржи фактите кои одговараат на објективната стварност.

Дејствието на извршување може да се превземе со повеќе алтернативно предвидени околности. Според дејствието на извршување се разликуваат три облици и тоа:

1.Правење лажна исправа

2.Преправање вистинска исправа

3.Употреба на лажната или преправената исправа.

**Правење на лажна исправа**

Правењето на лажна исправа е создавање, составување исправа која до тогаш не постоела или не со таа и таква содржина и која не е издадена од страна на лице кое е означено како нејзин издавач.

Лажна исправа за разлика од вистинската, автентичната е исправа што не потекнува од лицето што во неа е означено како издавач. За поимот лажна исправа, не е релевантна вистинитоста или невистинитоста на содржината на исправата.

Ова дејствие се превзема со намера така составената ,напишаната, изработена исправа да се употреби како права , како вистинска во правниот сообраќај, па делото е свршено со самото правење на ваква исправа со намера да се употреби како вистинска без оглед дали е оваа намера и реализирана во конкретниот случај.

**Преправање на вистинската исправа**

.Преправање на вистинската исправа е преиначување , менување на содржината на постоечката исправа или потписот на нејзиниот издавач, така да таа ја менува и својата доказна сила во правниот сообраќај. Вистинска исправа е исправа што потекнува од лицето означено во неа како издавач. За разлика од правењето лажна исправа, преправањето вистинска исправа се состои во содржинско менување на содржината изјавена во неа, односно менување на фактите што во неа се содржани. Со преправањето на вистинската исправа се добива исправа што и натаму потекнува од лицето како издавач, но не ја содржи вистинската изјава на волја на тоа лице, односно не ги содржи првобитно регистрираните факти/ со додавање или бришење некој збор една афирмативна изјава станува одречна , или обратно, се зголемува или се намалува некој паричен износ и сл./. Бришењето на цела изјава и составувањето нова претставува правење лажна исправа; исто во случајот на додавање поголеми нови заокружени целини во една постојна вистинска исправа. Преправањето треба да се однесува на битни елементи што ја менуваат смислата, содржината на исправата; не постои преправање ако се измените небитни/ преправање погрешно напишана буква или збор, без да се измени смислата на текстот, на пример/.За постоење на делото не е битно дали фалсификатот успеал и дали поради преправањето првобитната содржина на исправата ја загубила својата реална и логична смисла.

И ова дејствие мора да се превземе во намера да се употреби преправаната исправа во правниот сообраќај како права, без оглед дали ова намера е реализирана во конкретниот случај. За постоење на делото, битно е да постои права-вистинска исправа која навистина е издадена од лицето кое на неа е назначено како издавач, но во нејзината содржина да се менувани битни елементи, така да се добива друг смисол на изјавата, односно друга доказна сила на исправата. Ова дејствие може да се превземе: со замена, со допишивање или

бришење на поедини букви,зборови, изрази, броеви или знакови на интерпункција. Делото е свршено со превземање на дејствие на преиначување во наведената намера.

Покрај умислата, кај двата облика на делото се бара намера за употреба на лажната или преправената исправа. Не е потребно намерата да е реализирана.

Извршител на делото може да биде и лицето што ја издало исправата, ако ја преправи содржината на сопствената исправа откако таа послужила во правниот сообраќј.

Дејствието на извршување е употреба на фалсификуваната исправа како права, односно нејзино користење за докажување на постоење или непостоење на правно релевантни факти или права, односно правни односи. Користењето се остварува со покажување или со предавање на лажната или невистинитата исправа на одредено лице, орган или организација со што таа се става во правниот сообраќај. Предавањето може да биде непосредно или посредно/преку пошта или друго лице/.

Не постои обележје на кривичното дело фалсификување исправа кога обвинетиот со согласност и овластување на оштетениот состави приватна исправа и ја потпише со име и презиме на оштетениот.

Кога обвинетиот ги преиначи јавните исправи со намера нив да ги употреби како прави и тоа личната карта и возачката дозвола на име на друго лице, така што наместо фотографијата на лицето на кое се водат овие исправи ,стави свои фотографии и така ѓи користи , прави кривично дело фалсификување исправи.

За постоење на фалсификување на исправа по пат на преправање на вистинската исправа потребно е таа да содржи и после измената својство на исправа и да содржи правно релевантни факти.

Кога обвинетиот употреби лажна сообраќајна дозвола и на своето возило стави регистарски таблици кои се впишани во наведената сообраќајна дозвола, кои не одговараат на тоа возило, врши кривично дело фалсификување исправа.

Употребата на лажната или преправената исправа е трет облик на кривичното дело фалсификување исправа.

Сторителот на претходните облици /правење лажна исправа или преправање вистинска исправа / одговара само за тоа дело, а не и за употребата на таа исправа.Сето тоа под услов ако кај него постоела намера за употребата на исправата како вистинска во времето на правењето лажна исправа , односно преправањето вистинска исправа; ако тој превзел такво дејствие без намера за употреба , а потоа се одлучил да ја употреби исправата , ќе одговара само за употреба на исправата. Како дејствие на извршување овој облик ја има употребата на исправата за целта што и е наменета при издавањето. Не се работи за употреба ако исправата се дава на чување или се покажува со друга цел итн. Туку само кога се кристи за докажување на правно релевантни факти. Субјективната страна на овој облик опфаќа свест на сторителот дека исправата е лажна или преправена.

Употребата на фалсификувана исправа може да се стори на следниот начин: кога обвинетиот напише и потпише во име на приватниот тужител изјава за откажување од тужбеното барање, па така составената исправа ја употреби како права и ја предаде во писарницата на судот со што издејствувал пресуда во своја корист врз основа на одрекнувањето, тој извршил кривично дело фалсаификување на исправа

**Обид-** поради самата опасност на започнувањето со извршување на делото во кој било облик, посебно се казнува и неговиот обид ст.2.од чл.378.

Набавувањето на лажна или преправена исправа со намера да се употреби како права во правниот сообраќај претставува припремно дејствие кое заради посебниот степен на опасност е предвидено како самостојно кривично дело. Тоа е дејствие со кое се стекнува, доаѓа во владение, во државина на направената лажна или преиначена исправа.

Стекнување или прибавување на исправа е доагање во владение во притежување, физичка, фактичка власт на таквата исправа на страна на сторителот, и тоа само во случај кога друго лице јка фалсификувало исправата Значи, ваму друго лице ја фалсификувало исправата , па сторителот како таква ја прибавува на разни начини/со купување, со примање на пподарок, во замена, на послуга/. За постоење на ова дело потребно е постоење на уште два субјективни елементи на страна на сторителот. Тоа се: 1. Свеста, знаењето дека набавува заправо преионачена , фалсификувана исправа и 2. Намерата таквата исправа да се употреби како права во правниот сообраќај/ Извршител на делото може да биде секое лице, а во поглед на вината потребна е умисла/ која кај поедини облици на делото се јавува како директна умисла која ја квалификува намерата на сторителот..

За ова дело е пропшишана казна на затвор до три години со тоа што обидот на делото по изречната законска одредба е казнив.

До употреба на лажна исправа може да дојде при склучување на договор за закуп на стан со приватен закуподавец кога сторителот употреби лажна лична карта.Обвинетиот е огласен за виновен дека употребил

како права лажна лична карта која претставува јавна исправа на која се наоѓала негова фотографија со лични податоци на друго лице при склучувањето на договорот за закуп на стан.
Ако извршителот лажната исправа ја употреби како права, тоа дејствие во себе конзумира и дејствие за набавка на таква исправа.
Кога обвинетиот набавил заради употреба пет бланко фалсификувани обрасци на сообраќајни дозволи кои од страна на граничната полиција му се пронајдени при преминот и пренесувањето на овие исправи во СР.Македонија, тогаш тој извршил кривично дело фалсификување на исправи во обид /ст.2./
Застареност на кривичното гонење на извршителот на кривичното дело фалсификување исправа почнува да тече од денот кога е сторено кривичното дело- кога извршителот ја употребил лажната исправа како права и тоа дипломата за завршен испит на машинско училиште, без оглед кога настапила последицата.

**ФАЛСИФИКУВАЊЕ НА ЈАВНА И НА ДРУГИ ПОСЕБНИ ИСПРАВИ/СТ/3/**

Потежок облик на делото за кое е пропишана казна затвор од три месеци до пет години постои ако дејствието на извршување на основното дело е превземено на посебен вид на исправа:1.јавна исправа, 2.тестамент, 3.меница,4.чек, 5.јавна книга, 6.службена книга и 7. Друга книга која мора да се води врз основа на законот.
Квалификаторна околност за која Законикот пропишува построго казнување е природата, видот и значењето на објектот на нападот.
Од основните облици, овој облик се разликува според објектот на дејствието: тоа е исправа што има карактер на јавна или друга исправа што се издава врз основа на закон.
Одговорност на правното лице/ст/4//
Правното лице одговара за делото под општите законски услови.

**ЗАКЛУЧОК**

Нашиот Кривичен законик на посебен начин ја пропишува кривичната одговорност и казнивост за различни облици и видови на фалсификување и кривотворење на исправи како средства со кои нормално, несметано, законски и безбедно се одвиваат правните односи помеѓу физичките и правните лица.
Со извршувањето на овие кривични дела се повредува или се загрозува безбедноста и законитоста на одвивањето на правниот сообраќај во земјата и во странство
Нашето кривично законодавство како и другите модерни законодавства предвидуваат повеќе облици и видови на појавувања на кривичните дела фалсификување на исправа кои можат да се поделат во две групи: материјално фалсификување/чл.378 и чл.379/, и дела на интелектуално фалсификување на исправи/ чл.380 и чл.381/.
Ако дејствието на извршување е усмерено спрема приватна исправа, се работи за основен облик на овие дела за кои е пропишана казна. Потежок облик овие дела на фалсификување добиваат кога дејствието на извршување е превземено спрема јавна или со неа изедначена исправа. Специфично е кривичното дело – Фалсификување на службена исправа од чл.361 од КЗ , не само по тоа што него, за разлика од другите дела кои може да ги изврши секое лице, го врши само службено или одговорно лице, туку и по двојниот објект на заштита и тоа заштита на правниот сообраќај и заштита на службената должност која исто така со извршувањето на ова дело се повредува или загрозува во смисла на нејзиното законско, ефикасно и благовремено извршување.

**ЛИТЕРАТУРА**

Атанацковиќ Д. [1981]Кривично право-посебен дел, Привредна штампа, Белград
Атанацковиќ Д.[1985] Кривично право-посебен дел, Привредна штампа, Белград
Годишник на правниот факултет Б.Лука број 8/2018
Јовашевиќ Д. [1996]Фалсификување на исправа-теорија и пракса, Белград
Камбовски В.[2015] Коментар на кривичниот законик на Република Македонија , Матица, Скопје
Периќ О. Стојанович З.[1996]Кривично право посебен дел ,Нови сад
Радовановиќ М.Џорџевиќ М.,[1977]Кривично право, посебен дел,Белград
Стојановиќ З.[2014] Кривично право, општ дел , Белград
Таховиќ Ј.[1957] Коментар на кривичниот Законик, Белград 1957